**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup, I
Примено: 05-06-2025

Бр: 04-1911/2
Скопје: 05.06.25

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата ( ,,Службен весник на РМ,, бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.208/24 и 16/25), а во врска со член 11, член 30 став (1) алинеја 2 став( 3) и став (5), член 48 и 49 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.275/19,14/20, 215/21, 99/24 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (,,Службен весник на РСМ,, бр.259/24) и Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 01/220-2 од 14.10.2024 година, Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.**19-5101/2 од 12.05.2025,** генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијта објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2025**
**за унапредување на 3 (тројца), административни службеници во Комисијата за заштита на конкуренцијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата објавува Интерен оглас за унапредување на 3 (тројца) административни службеници за следните работни места:

**1. Работно место : УПР0101Б01000 Државен советник од областа на заштита на конкуренцијата**

Број на извршители: – 1 (еден)извршител
**Општи услови**
-да е државјанин на Република Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здраствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за категорија утврдени со Законот за административни службеници**:
-стручни квалификации: за нивото Б1 ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен

Општествени науки-**Право или Економија и бизнис.**

-работно искуство за Б1: најмалку шест години работно искуство во струката од кои две години на раководно место во јавниот сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**
-активно познавање на еден од трите користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-потврда за положен испит за административно управување.

Распоред на работно време:
-работни денови: од понеделник до петок;
-работни часови неделно: 40;
-работно време: 08:30 часот до 16:30 часот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Плата:
-паричен нето износ на збирот од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 61.000.00 денари.

**2.УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за прекршочни постапки кои се водат согласно ЗЗК**

Број на извршители: – 1 (еден)извршител
**Општи услови**
-да е државјанин на Република Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здраствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници**:
-стручни квалификации: за нивото Б2 ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен

Општествени науки-**Право**

-работно искуство за Б2: најмалку пет години работно искуство во струката од коинајмалку две на раководно место во јавниот сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**
-активно познавање на еден од трите користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-потврда за положен испит за административно управување.

Други посебни работни компетенции
-Положен парвосуден испит

Распоред на работно време:
-работни денови: од понеделник до петок;
-работни часови неделно: 40;
-работно време: 08:30 часот до 16:30 часот.

Плата:
-паричен нето износ на збирот од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 56.000.00 денари.

3.**УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи**

Број на извршители: – 1 (еден)извршител
**Општи услови**
-да е државјанин на Република Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здраствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за категорија утврдени со Законот за административни службеници**:
-стручни квалификации: за нивото Б2 ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен

Општествени науки-Е**кономија и бизнис или Право**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

-работно искуство за Б2: најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две на раководно место во јавниот сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**
-активно познавање на еден од трите користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-потврда за положен испит за административно управување.

Распоред на работно време:
-работни денови: од понеделник до петок;
-работни часови неделно: 40;
-работно време: 08:30 часот до 16:30 часот.

Плата:
-паричен нето износ на збирот од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 56.000.00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Комисијата за заштита на конкуренцијата, кој ги исполнува општите и посебни услови за пополнување на работното место, пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и со Правилникот за систематизација на работните места на стручната служба во Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и:

-да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за доставување на пријавите со доказите трае 5 (пет) дена сметано од денот на објавување на огласот на web страната на Комисијата за заштита на конкуренцијата и на web страната на Агенцијата за администрација.
Интерниот оглас ќе биде објавен на 10.06.2025 година во 14 часот на web страната на Комисијата за заштита на конкуренцијата и на web страната на Агенцијата за администрација и истиот ќе трае заклучно со 14.06.2025 година.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Комисијата за заштита на конкуренцијата до лицето назначено да ги врши работите на организационата единица **за управување со човечки ресурси и до службената електронска пошта на назначеното лице aleksandra.h@kzk.gov.mk**

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од понатамошната постапка по овој оглас.**

**Комисијата за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**

**Каролина Андоновска**